РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 12-2458/1
28. 04. 2021 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 55 (став 1) од Законот за организација на органите на државната управа (Службен весник бр.58/00, 44/02 ,82/08, 167/10, 51/11 и 96/19) а во врска со Информацијата за преземање на мерки за борба против корупцијата и Заклучокот од 50 Седница на Владата на Република Северна Македонија точка 83, одржана на 02.03.2021 година, Министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следниот

# ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

## ВОВЕД

Интегритетот е прашање од суштествено значење кој има влијание врз легитимитетот и капацитетот за ефикасно исполнување на основната мисија и визија на Министерството за животна средина и просторно планирање, поради што успешноста во неселективната борба со овој вид на криминал и справување со корупцијата е приоритет за нашата институција.

***Поимот Интегритет*** означува - законито, професионално, независно, непристрасно, етичко, одговорно, транспарентно и отчетно вршење на работи со кои службените и избраните лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции.

***Јавен интерес*** е заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата.

***Корупција*** е злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

***Корист*** е остварување на секој вид материјална или нематеријална, придобивка, погодност или предност за себе или за друг.

***Ризик од корупција*** е кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на државни органи, јавни претпријатија и други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.

***Судир на интереси*** е состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Службено лице се сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Неправилност е непридржување или погрешна примена на законите и други прописи како и меѓународните спогодби, која произлегува од работата или пропустите на корисниците на јавните средства, а која има или би можела да има штетно влијание на Буџетот на Република Северна Македонија, средствата од ЕУ и средства од други домашни и странски извори, било да се работи за приходи/примања, расходи/издатоци, поврати, наследства или обврски.

## ЦЕЛ

Главна цел на МЖСПП се креирањето на политики за заштитата на животната средина.

Во документот со наслов Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси со акционен план за нејзино спроведување кој треба да биде усвоен од страна на Собранието на Република Северна Македонија се дијагностицирани и селектирани приоритетните проблеми кои генерираат висок ризик од корупција и се идентификувани мерки за нивно надминување.

МЖСПП својата борба против корупцијата ќе ја реализира преку превентивни сет мерки со јасна порака дека корупцијата нема да остане несанкционирана.

За ефикасна борба потив копупцијата пред се е важни и политичката волја, институционалните решенија, нормативата и меѓусебната соработка со институциите кои се клучни во борбата со овој вид на криминал.

## ПРИОРИТЕТНИ АКТИВНОСТИ

Антикорупциските активности ќе бидат насочени кон унапредување на професионалноста на службените лица и доследно почитување на законската регулатива како и санкционирање на сите форми и облици на коруптивно однесување.

Во контекст на ова приоритет во 2021 година ќе биде:

1) Јакнење на интегритетот на вработените во институцијата
2) Почитување на кодексот на административни службеници, кодекс на етичко однесување
3) Спроведување на процедура за анализа за ризик на дел од работните места
4) Воведување на нови и примена на работни процедури согласно ИСО стандарди
5) Дигитализација на одредени процеси во делот на издавање на лиценци и дозволи
6) Следење на предметите преку ДМС системот
7) Воведување на организациски облик или назначување на лице за внатрешна контрола во работењето
8) Внатрешно пријавување преку овластени лица укажувачи

9) имплементирање на Законот за управување со отпад, во делот на интергирано и регионално управување со отпад и воспостават функционални регионални центри за управување со отпад
10) воведување на телефонска линија за пријавување на корупција во институцијата со цел јаканење на довербата на граѓаните
11) Јакнење на принципите за отчетност и транспаретност
12) Меѓусебна соработка со институците во заедничката борба за откривање на незаконски дејствија

# АКЦИСКИ ПЛАН

| Мерка | Активност | Надлежен сектор | Рок за реализација | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|
| Точка 1 и 2 - Јакнење на интегритетот на вработените во институцијата и Почитување на кодексот на административни службеници, кодекс на етичко однесување | Секој службеник во МЖСПП потребно е да има висок степен на познавање на Кодексот на административни службеници, кодекс на етичко однесување, во кој што е утврдено дека службениците не смееат да да се поставаат во материјална или во друга зависност од граѓаните или органи, не смеат да ги користат службените овластувања со цел стекнување на лична корист и имаат за цел да се спротиставуваат на сите форми на корупцијата во рамките на институцијата. | Секторот за правни и општи работи ќе ја испрати содржината на кодексите до сите вработени сите вработени до институцијата | Активноста ќе се реализира веднаш по потпишувањето на оваа програма | нема |
| точка 3 - Спроведување на процедура за анализа за ризик на дел од работните места | Креирање на процедура – анализа на ризик од корупција кај дел од работните места на кои се ранливи по својата природа а кои се дел од управната постапка (издавање на дозволи) | Сектор за правни и општи работи во координација со Државниот секретар и сите раководители на сектори | Активноста ќе се реализира веднаш по потпишувањето на оваа програма | нема |
| Точка 4<br><br>Воведување на нови и | Транзија кон новиот стандард ISO 9001:20: 5 | Сектор за правни и општи работи | Октомври-декември 2021 | Обезбедени средства во буџетот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| примена на работни процедури согласно ИСО стандарди | | | | |
| Точка 5 Дигитализација на одредени процеси во делот на издавање на лиценци и дозволи | Ставање во функција на софтвер за издавање на доволи – cube | Управа за животна средина како и останатите сектори кои се вклучени во издавањето на лиценци и дозволи | 2022 | Има фискални импликации |
| Точка 6 Следење на предметите преку ДМС системот | Во моментов МЖСПП преку овластено лице е вклучен во ДМС системот | Сите раководители на Сектори | | нема |
| Точка 7 Воведување на организациски облик или назначување на лице за внатрешна контрола во работењето | Внатрешна контрола за вработените во МЖСПП првпат ќе биде воведена идејата е да се подобрат услугите кон граѓаните. Потребно е во рок од два месеца треба да изработи регистар на сите постојни несработени предмети во МЖСПП<br>Во исто време, ќе треба да бидат категоризирани сите предметите по тип и време за постапување и ќе им се даде предност на оние кои имаат поголема итност со цел да нема застој во работа.<br><br>Да се овласти лице или да се формира организациски облик кои ќе ги обработува пријавите од странките во дел на работењето на | Миц – креира емаил адреса<br><br>ДС и Министер назначуваат лица<br><br>Сектор за правни и општи работи | | нема |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | во дел на работењето на институцијата преку формирање на нова емил адреса на која може да пријават неправилност. на kontrola@mzspp.gov.mk. | | | |
| Точка 8 Внатрешно пријавување преку овластени лица укажувачи | Во МЖСПП има назначено две лица за кои имаме изготвено решение за овластено лице за пријавување кои се објавени на веб страната на институцијата | Овластени лица | тековно | Нема |
| Точка 9 имплементирање на Законот за управување со отпад, во делот на интергирано и регионално управување со отпад и воспостават функционални регионални центри за управување со отпад | Воспоставување на регионални центри за управување со отпад -објавување на оглас за избор на концесионери -донесување на одлуки за доделување на концесии за управување со отпад | Сектор отпад ЕЛС - донесување на одлуки | 2023 | Има фискални импликации |
| Точка 10 воведување на телефонска линија за пријавување на корупција во институцијата со цел јакнење на довербата на граѓаните | Воспоставување на телефонска линија за пријавување на корупција во институцијата со цел јакнење на довербата на граѓаните | Одделение за комуникации а со јавноста | Втората половина на 2021 | Има фискални импликации |
| Точка 11 Јакнење на принципите за отчетност и транспаретност | Вработените во институцијата не смеат да го доведат личниот, материјалниот и нематеријалниот интерес со нивниот статус и да | Одделение за комуникациј а со јавноста<br><br>МИЦ | тековно | нема |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Поаѓајќи од обврската јавноста да биде информирана за тековните работи на институцијата Одделението преку разни комуникациски форми ќе овозможи пристап до бараните информации до медиумите водејќи се од начелото за транспаретност, отчетност и недискриминација. | | | |
| Точка 12 Меѓусебна соработка со институциите во заедничката борба за откривање на незаконски дејствија | Постојна зајакната комуникација преку назначување на лице/офицер за врски | Овластени лица /укажувачи | тековно | нема |

Република Северна Македонија * МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ * Скопје * Republika e Maqedonisë së Veriut * MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR * Shkup

**Министер,**

**Naser Nuredini**

Подготвил:

Билјана Тешева Ѓоргиевска

Согласен:

Тодор Ѓорговски

Одобрил:

Каја Шукова,Државен секретар